# ЗАПИСНИК

## од Конститутивната седница на Комитетот на советите при ЗЕЛС

Скопје, 03.04. 2015 г.

ЗАПИСНИК
од конститутивната седница на Комитет на советите при ЗЕЛС
Скопје, 26 март, 2015 г.

**<u>Присутни</u>**: Ранко Давитков, Претседател на совет на општина Пробиштип -Источен регион Дајанчо Ефтимов, Претседател на совет на општина Василево -Југоисточен регион, Ирена Мишева Претседател на совет на Град Скопје, Хисен Џемаили Претседател на совет на општина Тетово -Полошки регион, Никола Димески Претседател на совет на општина Прилеп -Пелагониски регион, Башким Машкули Претседател на совет на општина Дебар -Југозападен регион, Максим Димитриевски Претседател на совет на општина Куманово -Североисточен регион, Трајче Донев Претседател на совет на општина Кисела Вода -Скопски регион, Гордана Коњановска Претседател на совет на општина Охрид

**<u>Отсутни:</u>** Александар Колев, Претседател на совет на општина Велес -Вардарски регион, Николче Миовски, Претседател на совет на општина Радовиш, Мериване Ајредини Претседател на совет на општина Липково.

Комитетот на советите констатираше дека има кворум за работа и дека може полноправно да одлучува.

Комитетот на советите едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Избор на претседател и потпретседател на Комитет на советите;
2. Информација во врска со обврските, надлежностите на органот Комитет на советите на ЗЕЛС;
3. Информација за активностите на ЗЕЛС во изминатиот период;
4. Усвојување на Деловник за работа;
5. Разно

ПРВА ТОЧКА: Избор на претседател и потпретседател на Комитет на советите;

Кандидат за претседател беше предложен г-дин Трајче Донев, Претседател на совет на општина Кисела Вода додека за потпретседател беше предложен г-дин Хисен Џемаили, Претседател на совет на општина Тетово.

Овој предлог беше едногласно усвоен.

Од страна на членовите се предложи на следната седница да се одлучи за потребата од избор на втор потретседател и на секретар на Комитет на советите.

ВТОРА ТОЧКА: Информација во врска со обврските, надлежностите на органот Комитет на советите на ЗЕЛС;

Обврските, правата и надлежностите на членовите се пропишани со Статутот на ЗЕЛС и истите уште еднаш пред присутните членови ги претстави заменик извршниот директор на ЗЕЛС Ардита Дема Мехмети.

По ова точка г-ѓа Ирена Мишева, Претседател на Град Скопје, побара активно вклучување и претставување на советниците на општините во органите на ЗЕЛС. Со измените на Статутот и укинување на домот на советниците во голема мера се маргинализирала вклученоста на советите во работата на ЗЕЛС.

Се предложи во рамките на Управниот одбор на ЗЕЛС да има претставници од советите со право на глас и за ова е предложено изготвување на иницијатива која заеднички со сите претседатели на совети од соодветниот регион секој од членовите на комитетот ќе ги дискутира и усогласи, и ќе го дефинира финалниот модалитет.

Предлогот беше едногласно усвоен и се даде рок до 9 април 2015 да се разговара со претседателите на советите на општините за усогласување на ставовите.

Исто се предложи организирање на заедничка средба на претседателот и потпретседателот на Комитетот на советите со претседателот на ЗЕЛС, г-дин Коце Трајановски.

ТРЕТА ТОЧКА: Информација за активностите на ЗЕЛС во изминатиот период

Заменик извршниот директор на ЗЕЛС Ардита Дема Мехмети ги претстави активностите на ЗЕЛС во изминатиот период при тоа осврнувајќи се особено на соработката и комуникацијата со советите. Таа информираше дека за потребите на советниците е изготвен прирачник, како алатка при секојдневната работа како член на советот. Покрај тоа, на секој советник му се доставува месечното Гласило преку кое може да се информираат за работата и активностите на ЗЕЛС како и дека на интернет страницата се достапни сите документи и информации за работата на ЗЕЛС. Бидејќи ЗЕЛС е во процес на изготвување на новиот петгодишен стратешки план, до сите претседатели на советите е доставен Прашалник преку кој ќе се добијат насоки и предлози при изготвувањето на овој нов документ. Со ова се обезбедува директно вклучување на советниците во определувањето на целите кон кои ЗЕЛС ќе се стреми во наредниот период.

Таа информираше и за последната иницијатива доставена од страна на ЗЕЛС, по заклучок од последната седница на Управниот одбор на ЗЕЛС во врска со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување до Владата на РМ, Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика. Со иницијативата се предлага избраните лица и тоа конкретно советниците во општините (членови на Советот на општина), да бидат изземени од категоријата обврзник за плаќање придонеси, односно истите да немаат обврска за плаќање на придонеси за задолжително пензиско и инвалидско осигурување, ниту обврска за плаќање на придонеси за задолжително здравствено осигурување по основ на овој закон.

Иста иницијатива има изготвено и Градот Скопје и истата ќе биде доставена до ЗЕЛС за да се проследи до ресорните министерства.

ЧЕТВРТА ТОЧКА: Усвојување на Деловник за работа;

Пред присутните членови на Комитетот на советите беше даден на разгледување предлог Деловник за работа, изготвен од претходниот состав на членовите на ова тело.

Текстот на Деловникот начелно се усвои, но по истиот во рок од 7 дена членовите на Комитетот до стручната служба ќе достават предлози за дополнување и изменување и на наредната седница иститот ќе се разгледа уште еднаш.

ТОЧКА РАЗНО:

- г-ѓа Ирена Мишева, Претседател на Град Скопје, побара поголемо претставување на активностите на советите во Гласилото на ЗЕЛС
- Да се достави информација до сите претседатели на советите на општините за да се запознаат со составот и раководството на Комитетот на советите.
- Членовите за наредната седница ќе размислат за конкретните активности на ова тело кои ќе ги преточи во Програма за работа.
- Комуникацијата со членовите заради ефикасност ќе се спроведе по електронски пат за што е обезбеден Список со контактите од сите членови, кој ЗЕЛС стручната служба ќе го сподели со сите членови.
- Наредната седница на Комитетот ќе се одржи после велигденските празници

**Скопје, 03 април, 2015 г.** **Составил,**

**Стручната служба на ЗЕЛС**